УНИВЕРЗИТЕТ „СВ.КИРИЛ И МЕТОДИЈ“
"SS. CYRIL AND METHODIUS", UNIVERSITY, SKOPJE
ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“, СКОПЈЕ
FACULTY "IUSTINIANUS PRIMUS", SKOPJE

# ЗБОРНИК НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“ ВО СКОПЈЕ

# COLLECTION OF PAPERS FACULTY OF LAW “IUSTINIANUS PRIMUS” IN SKOPJE

## МЕЃУНАРОДНА КОНФЕРЕНЦИЈА
## МЕДИУМИТЕ И ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА
## INTERNATIONAL CONFERENCE
## MEDIA AND HUMAN RIGHTS

**ЗБОРНИК**
**НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ**
**„ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“ ВО СКОПЈЕ**

**РЕДАКЦИСКИ ОДБОР**
проф. д-р Рената Тренеска-Дескоска, Македонија;
проф. д-р Јасна Бачовска Недиќ, Македонија (уредник);
проф. д-р Каролина Ристова-Астеруд, Македонија;
доц. д-р Даниела Блажевска, Македонија;
доц. д-р Ирена Рајчиновска Пандева, Македонија;
доц. д-р Александар Љ. Спасов, Македонија;
доц. д-р Милена Апостоловска-Степаноска, Македонија (секретар);
проф. д-р Андрож Тершек, Словенија;
проф. д-р Тома Ѓорѓевиќ, Србија;
проф. д-р Горкем Атсингур, Киргистан;
проф. д-р Еника Абази, Албанија;
проф. Мери Марес, САД;
проф. д-р Елена Маркова, Русија;
проф. д-р Слаѓана Стаменковиќ, Србија;
проф.д-р Марија Игнатовиќ, Србија;
проф.д-р Мурат Акташ, Турција;

Правен факултет
„Јустинијан Први“ – Скопје

Печати:
МАР - САЖ

Тираж: 300



УНИВЕРЗИТЕТ „СВ.КИРИЛ И МЕТОДИЈ“
"SS. CYRIL AND METHODIUS" UNIVERSITY, SKOPJE
ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“, СКОПЈЕ
FACULTY "IUSTINIANUS PRIMUS", SKOPJE

# ЗБОРНИК
## НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“ ВО СКОПЈЕ

# COLLECTION OF PAPERS
## FACULTY OF LAW “IUSTINIANUS PRIMUS” IN SKOPJE

**МЕЃУНАРОДНА КОНФЕРЕНЦИЈА**
## МЕДИУМИТЕ И ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА
**INTERNATIONAL CONFERENCE**
## MEDIA AND HUMAN RIGHTS

Скопје, 2016

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

342.72/.73:316.774(082)

МЕЃУНАРОДНА конференција Медиумите и човековите права (2016 ; Скопје)
Меѓународна конференција Медиумите и човековите права = International conference Media and human rights : зборник на правниот факултет "Јустинијан Први" во Скопје / [уредник Јасна Бачовска Недиќ]. - Скопје : Правен факултет "Јустинијан Први" ; Skopje : Faculty "Iustinianus Primus", 2016. - [277] стр. ; 30 см

Текст на мак. и англ. јазик. - Фусноти кон текстот. – Библиографија кон трудовите

ISBN 978-608-4655-63-3

1. Гл. ств. насл. 2. Насп. ств. насл. - I. International conference Media and human rights (2016 ; Skopje) види Меѓународна конференција Медиумите и човековите права (2016 ; Скопје)
а) Човекови права и слободи - Медиуми - Собири

COBISS.MK-ID 102155274



Институт за новинарство, медиуми и комуникации
Правен факултет „Јустинијан Први“
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“

## МЕДИУМИТЕ И ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА

На 10 декември 2015 година, а по повод меѓународниот ден на човековите права, во рамките на Институтот за новинарство, медиуми и комуникации, при Правниот факултет "Јустинијан Први", Универзитет Св. Кирил и Методиј во Скопје, се одржа Меѓународна конференција на тема „Медиумите и човековите права“. Институтот за новинарство, медиуми и комуникации постои скоро 40 години и образува кадри во областа на медиумите, комуникациите и новинарството.

По повод Денот на човековите права и слободи на Правниот факултет „Јустинијан Први“ говореше и г-дин Цес Л. Бејли во својство на амбасадор на САД во Република Македонија.

Целта на конференцијата беше да овозможи размена на мислења и презентација на истражувачки резултати на оваа суштествена тема медиумите и човековите права, а особено битна за Република Македонија која скоро две децении има проблем во етаблирањето на демократски медиумски систем по европски стандарди.

Во контекст на тоа низа човекови права се повредувани по овој основ и тоа: слободата на изразување, правото на приватност, правата на децата, правото на презумпција на невиност итн. За дискусија беа можни неколку тематски области: човековите права и променливиот медиумски простор, медиуми и покривање на вести поврзани со човековите права, улогата на медиумите vis-à-vis општеството, кршење на човековите права и медиумите, односот на медиумите кон прашања за човековите права, човековите права и родовото сензитивно известување, медиумски плурализам и човекови права, политика и медиуми, социјални мрежи и човекови права, медиумски слободи и демократизација, етичко новинарство и човекови права, медиумите на јавниот сервис и човековите права како и медиумскиот простор и човековите права.

Им благодариме на учесниците и авторите кои дадоа вистински придонес во испраќање на разбирлива порака од Конференцијата до македонската стручна и општа јавност за вистинското значење на медиумите во современото политичко милје.

**Скопје, декември 2016**

**проф. д-р Јасна Бачовска Недиќ, уредник**

# Содржина:

МЕДИУМИТЕ И ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА ........ V

д-р Рената Тренеска - Дескоска
МЕДИУМСКИТЕ СЛОБОДИ И ДЕМОКРАТИЈАТА ........ 1

д-р Јасна Бачовска Недиќ
СЛОБОДА НА ИЗРАЗУВАЊЕ И МЕДИУМСКИТЕ СИСТЕМИ, АКЦЕНТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ........ 15

д-р Ирена Рајчиновска Пандева
МЕДИУМИТЕ И ДЕМОКРАТИЈАТА ВО ТУРЦИЈА ........ 29

Sladjana Stamenkovic, PhD
MEDIA REPORTING, SOCIAL EXCLUSION OF MARGINALIZED GROUPS AND THE IMPORTANCE OF MEDIA LITERACY ........ 43

Ariana Qosaj-Mustafa; Bistra Netkova, PhD
MEDIA REPORTING ON TRAFFICKING IN PERSONS IN ALBANIA AND KOSOVO: A COMPARATIVE AND HISTORICAL ANALYSIS POST 2000 DEVELOPMENTS ........ 61

Albana Metaj-Stojanova, PhD
MEDIA REPORTING ON DOMESTIC VIOLENCE AGAINST WOMEN IN THE REPUBLIC OF ALBANIA ........ 73

Murat AKTAS, PhD
THE SOCIAL MEDIA AND ARAB UPRISINGS ........ 83

д-р Татјана Петрушевска
ПРАВАТА НА ДЕЦАТА И МЕДИУМИТЕ ........ 95

д-р Милена Апостоловска-Степаноска
МЕДИУМИТЕ И ЕВРОПСКИОТ КУЛТУРЕН ИДЕНТИТЕТ ........ 119

д-р Љубомир Д. Фрчковски
ЗАРОБЕНА ПУБЛИКА (COMPELLED LISTENING)........ 129

д-р Томе Груевски
УЛОГАТА И ФУНКЦИИТЕ НА МАСОВНИТЕ МЕДИУМИ ВО КОМУНИКАЦИСКИОТ СИСТЕМ ........ 143

д-р Александра Груевска-Дракулевски; д-р Бобан Мисоски; д-р Дивна Илиќ-Димоски
МЕДИУМИТЕ И КРИМИНАЛИТЕТОТ И ДЕЛИНКВЕНЦИЈАТА ........ 167

д-р Александра Деаноска – Трендафилова
МЕДИУМИТЕ И КРИМИНАЛНАТА ПОЛИТИКА ........................................ 187

Vanco Uzunov, PhD; Biljana Petrevska, PhD
MARKET FOR TELEVISION ADVERTISING, INFORMATION ASYMMETRY AND THE POLITICAL SITUATION IN THE REPUBLIC OF MACEDONIA ........... 203

Darko Spasevski, PhD
THE LIABILITY OF INTERMEDIARY SERVICE PROVIDERS AND THE SOCIAL NETWORKS UNDER E-COMMERCE DIRECTIVE ........................... 219

д-р Лазар Јовевски
ПРАВОТО НА РАБОТА: ЕЛЕМЕНТИ НА ПРАВОТО НА РАБОТА, МАЃУНАРОДНИ И НАЦИОНАЛНИ СТАНДАРДИ, МЕХАНИЗАМ ЗА ЗАШТИТА ........................................ 231

д-р Тодор Каламатиев; д-р Александар Ристовски
РАБОТНО-ПРАВЕН СТАТУС И ПРЕКАРНА ПОЛОЖБА НА НОВИНАРИТЕ И МЕДИУМСКИТЕ РАБОТНИЦИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
........................................ 245

д-р Александар Љ. Спасов
МЕДИУМИТЕ И ЗЛОСТОРСТВАТА ПРОТИВ ЧОВЕШТВОТО-НАУЧЕНИ ЛЕКЦИИ (СЛУЧАЈОТ НА РУАНДА) ........................................ 263





д-р Рената Тренеска - Дескоска[1]

321.7:[316.774-029:34

# МЕДИУМСКИТЕ СЛОБОДИ И ДЕМОКРАТИЈАТА

"Има времиња кога молчењето значи соучесништво во неправдата."
Ayaan Hirsi Ali

**Абстракт**

Меидумските слободи се една од најбитните основи на секое демократско општество и еден од основните услови за неговиот развој. Негирањето на слободниот говор, значи воведување на цензура, односно ограничување или забранување на искажување на одредени идеи или информации.

Медиумите играат големо значење во креирањето на јавното мислење, но само слободно и силно јавно мислење може да биде органичувачки фактор на власта во нејзината тенденција за јакење и продирање во сите сфери на живеење.

Трудот се осврнува на значењето на медиумите за градење на демократија, како и односот на демократските власти кон медиумите. Како стандарден модел за заштита на медиумските слободи во демократски општества е анализирана заштитата на Европскиот суд за човекови права. Овој суд му дава најширока можна заштита на слободното информирање преку медиумите, бидејќи слободните медиуми се витален елемент на секое демократско општество. Тие гарантираат здраво функционирање на демократијата, изложувајќи ги политичките одлуки и активности на владата на контрола на јавното мислење и го олеснува учеството на граѓаните во процесот на донесување одлуки. Медиумите и надвор од политичкиот процес, помагаат за формирање на јавното мислење засновано врз факти и за негување и стимулирање критичка јавна дебата за прашања од општ јавен интерес.

Во трудот е анализирана и правната рамка за заштита на медиумските слободи во Република Македонија, како и (не)демократската пракса. Наспроти уставната заштита на јавниот настап, јавното информирање, слободното основање на институции за јавно информирање, и слободниот пристап кон информациите, слободата на примање и пренесување на информации, правото на одговор, правото на исправка во средствата за јавно информирање и заштита на изворот на информацијата во средствата за јавно информирање во Република Македонија, праксата покажува поинаква реалност.

---

[1] Авторката е редовна професорка на Правниот факултет „Јустинијан Први", УКИМ, Скопје

## Цитирана литература

Ang, Ien (1991), Desperately Seeking the Audience, Routledge, London
Bajomi-Lázár, Péter (2002), Public Service Television in East Central Europe: A comparative study, International Federation of Journalists, Brussels, Available: http://www.save-public-broadcasting.org/download/ bdpest2.doc, Accessed: March 6, 2003
C. Seymor-Ure,1974-Цит. Според Radojković, M., Stojković,B. 2004:2008) Radojković, M. Miletić (2005), Komuniciranje, mediji i društvo, Stylos, Novi Sad
Denis McQvail (1994) Stari continent-novi medii, Beograd: Nova
Đorđević, Toma: (2007) Teorija masovnih komunikacija, Beograd,
Downing, John D.H. (2001), „Radical Media Projects and the Crisis the Public Media", Rethinking Public Media in a Transnational Era, January 11-14, 2001, New York University, New York
Encensberger, H. M. (1980) Nemačka Nemačka izmedju ostalog, Beograd, Bigz
Fiske, John (1987), Television Culture, Methuen, London
Habermas, J. (1969) Javno mnenje, Beograd, Kultura
Habermas, Jurgen (1989), The Structural Transformation of the Public Sphere: An Inquiry into a Category of Bourgeois Society, MIT Press, Cambridge
Hartley, John (1999), Uses of Television, Routledge, London
Kin, Dž. (1995) Strukturni preobražaji javne sfere –Potisnuto civilno društvo, Eko centar,
Kolar Panov, Dona (2001), „From State to Public Broadcasting and Beyond: Rethinking Public Television in Macedonia", Rethinking Public Media in a Transnational Era, January 11-14, 2001, New York University, York
Lewis, Justin (2001), „Reclaiming Consumer Sovereignty: Why Public
Lippmann, Walter (1922), Public Opinion, Simon & Schuster, New
Lorimer, R (1998) Masovne komunikacije, Beograd: Clio
McQuail, Denis (1987), cited in Ang, Ien (1991), Desperately Seeking the Audience, Routledge, London
McQvail Dens (2000) Mass communication theory), Oxford
Pauwels, Caroline (1999), cited in Lewis, Justin (2001), „Reclaiming Consumer Sovereignty: Why Public Service Broadcasting is More Responsive to Consumer Desire", Rethinking Public Media in a Transnational Era, January 11-14, 2001, New York University, New York
Postman, Neil (1986), Amusing Ourselves to Death, Penguin Books, York
Public Media in a Transnational Era, January 11-14, 2001, New York University, New York
Reding, Viviane (2000), „What prospects for public television in Europe?", Conference on European public television in times of economic technological change, Lille, July 20, 2000, Available: http: //www. akmikek. gr/akmimedia/ READING.htm, Accessed: March 7, 2003
Service Broadcasting is More Responsive to Consumer Desire", Rethinking
Stevenson, Nick (1995), Understanding Media Cultures: Social Theory Mass Communication, Sage Publications, London
The European Institute for the Media (2001), Public Service Broadcasting in Transition: A Documentary Reader (Monroe E. Price and Marc Raboy, eds.), European Commission, Brussels
Tracey, Michael (2001), „Still a Corpse on Leave: Some Thoughts on the Condition of Public Service Broadcasting", Rethinking Public Media in a Transnational Era, January 11-14, 2001, New York University, New York
Врег, Ф.(1976) Општествено комуницирање, Скопје
Груевски, Томе (2011) Комуникологија, Скопје: Студиорум
Костов, Зоран (2006) Социјалните аспекти на компјутерски посредуваните комуникации", Докторска дисертација одбранета на Правен факултет, Скопје





д-р Александра Груевска-Дракулевски[1]
д-р Бобан Мисоски[2]
д-р Дивна Илиќ-Димоски[3]

343:[316.774:174.1(497.7)

# МЕДИУМИТЕ И КРИМИНАЛИТЕТОТ И ДЕЛИНКВЕНЦИЈАТА

**Апстракт**

Трудот има за цел да го анализира односот на медиумите спрема криминалитетот и делинквенцијата, и тоа, влијанието на медиумите врз криминалното и делинквентното однесување, понатаму, влијанието на медиумите врз стравот од криминал, влијанието на медиумите врз искривената слика за криминалитетот и делинквенцијата, како и непочитувањето на начелото на презумпција на невиност од страна на медиумите.

Во трудот се истакнува потребата во Република Македонија да се вршат истражувања за оваа проблематика што би биле во насока да ги детерминираат клучните проблеми на односот помеѓу медиумите и криминалитетот и делинквенцијата, што понатаму ќе резултира со поставување систем на мерки за превенирање на негативното влијание на медиумие врз криминалното однесување.

Авторите на трудот заклучуваат дека медиумите нема да престанат да известуваат за криминалитет и делинквенција, но сепак сознанијата презентирани во овој труд, пред сè, за негативното влијание на медиумите врз криминалното однесување, треба барем малку да ги замислат медиумите пред да ја пренесат веста и во иднина да не се водат од познатата изрека, 'If it bleeds, it leads,' („Ако крвари, тоа води") при креирањето на уредувачката политика на медиумот. А, Кодексот на новинари да биде императив во нивното професионално работење.

**Клучни зборови:** криминалитет, делинквенција, медиуми, сензационализам во известување, презумпција на невиност, Кодекс на новинари.

[1] Вонредна професорска, на Правниот факултет „Јустинијан Први", УКИМ, Скопје
e-mail: aleksandra_gruevskadrakulevski@yahoo.com.
[2] Доцент на на Правниот факултет „Јустинијан Први", УКИМ, Скопје
e-mail: bmisoski@yahoo.com.
[3] Доцентка на Правниот факултет „Јустинијан Први", УКИМ, Скопје
e-mail: didana_mk@yahoo.com.

## Вовед

Општеството е фасцинирано со криминал и правда. Од филмови, книги, весници, списанија, телевизиски емисии, до секојдневни разговори, ние постојано сме вклучени во „муабети" за криминал.

Граѓаните сликата за криминалитетот и делинквенцијата најчесто ја формираат врз основа на известувањата во медиумите. Односот помеѓу медиумите, од една страна, и криминалитетот и делинквенцијата, од друга страна, може да се разгледува од неколку аспекти.

Прво, емпириски е потврдено влијанието на медиумите врз криминалното однесување, особено влијанието на медиумите врз малолетничката делинквенција.

Второ, сензационалистичкото известување за криминалитетот и делинквенцијата доведува до искривена слика за генералните трендови на криминалитетот и делинквенцијата. Во принцип, вестите поврзани со криминалитет и делинквенција се однесуваат на поединечни, одделни кривични дела, оттука, врз основа на неколку стории проблемот со криминалитетот и делинквенцијата се става во поширока перспектива. На пример, многу малку се известува за имотниот криминалитет (кој всушност учествува со близу 60% во вкупниот криминалитет), а се претерува со известување за насилнички, сексуален, економски криминалитет и сл. (кои имаат помало учество во вкупниот криминалитет).

Трето, претерувањето со известување за сензационалистички насилнички криминалитет создава страв кај населението, а таквиот страв понатаму влијае врз криминалната политика. Медиумскиот сензационализам во известувањето за криминалитетот и делинквенцијата има за цел да се создаде морална паника кај населението, а тоа понатаму се користи како начин за контрола на начинот на однесување на јавноста. Исплашените луѓе се позависни, полесно се манипулираат и контролираат и лесно може да се убедат дека решението за нивната несигурност и нивните грижи е репресија.

Четврто, медиумите креираат лажна слика за сторителите и за жртвите на криминалитет и делинквенција, како и искривена слика за (не)успешноста на органите на казнениот прогон. Важен предуслов за објавување на веста се и карактеристиките на жртвата. Веројатноста да се објави веста е поголема доколку жртвата е дете. Исто така, постои шаблон во медиумското претставување на сторителите, кои според известувањето во медиумите се најчесто постари лица кои уживаат повисок општествен статус што не кореспондира со профилот на сторителите на кривични дела согласно официјалната статистика и истражувањата. Претерувањето со известување за насилнички криминалитет индиректно влијае и врз создавањето на позитивна слика за успешноста на органите на кривичниот прогон, пред сè на полицијата, бидејќи поверојатно е полицијата да расветли насилнички, отколку имотен криминалитет.

Петто, сензационализмот во известувањето за судски случаи, објавувањето на идентитетот на осомничените, покажување на снимки од нивното





приведување и сл., директно го крши уставното начело на презумпција на невиноста според кое лицето обвинето за казниво дело ќе се смета за невино сè додека неговата вина не биде утврдена со правосилна судска одлука.

Истражувањата за прикажувањето на криминалитетот и делинквенцијата во медиумите во западно-европските држави почнуваат да се вршат од пред отприлика 80-ина години, а вакви истражувања во Република Македонија скоро и да не се вршат.[4]

Истражувањата покажуваат дека поголемиот дел од сознанијата за криминал и за правда кај јавноста произлегуваат од медиумите (Roberts and Doob, 1990; Surette, 1998 цит во Dowler, 2003). Затоа, императив е да се испитаат ефектите од медиумите врз ставовите за криминалитетот и правдата.

Оттука, трудот има за цел да го анализира односот на медиумите спрема криминалитетот и делинквенцијата, и тоа, влијанието на медиумите врз криминалното и делинквентното однесување, искривената слика за криминалитетот и делинквенцијата, стравот од криминал, креирањето лажна слика за сторителите и за жртвите на криминалитет и делинквенција, како и искривена слика за (не)успешноста на органите на казнениот прогон, грубото кршење на начелото на презумпција на невиност од страна на медиумите.

### *1.1 Влијанието на медиумите врз криминалното и делинквентното однесување*

Врз сложениот процес на социјализација и креирањето на децата како личности влијаат мноштво фактори. Како некои од позначајните фактори може да се споменат влијанието на семејството, како прв и најзначаен фактор, потоа, потесниот круг на роднини и пријатели, врсничката популација, училиштето, социјалното опкружување и медиумите. Сите овие фактори имаат свое специфично влијание, бидејќи при процесот на формирање на својата личност децата не се базираат само на копирањето на карактеристиките на своите родители, туку овој процес треба да се тертира како целокупност од влијанија на сите надворешни фактори (Bandura, 1977). Притоа, децата учат начини на однесување не само како модел на однесување, туку ја учат и причиноста што резултирала со конкретното однесување.

Токму затоа и влијанието на медиумите врз децата е од особено значење. Низ повеќе емпириски студии е потврдено влијанието на медиумите врз криминалното однесување и врз малолетничката делинквенција (Finckenauer and Gavin, 1999; Green, 1990). Низ повеќе вакви студии е докажано дека медиумските содржини обременети со насилство имаа двострано влијание врз формирањето на личноста на децата. Па така, од една страна, влијанието на медиумите може да биде позитивно, креирајќи посакувани вредности кај

[4] Пионерски истражувања на оваа тема се трудот на Стефановска, Весна (2015), „Медиумското прикажување на криминалитетот во дневните весници во Република Македонија" и трудот на Кениг, Николина (2013) „Известување за семејното насилство во печатените медиуми: состојба и препораки".

децата од типот на препознавање на криминалитетот и негова осуда, што во иднина може да се одрази како ограничувачки фактор и да делува превентивно. Додека, пак, од друга страна влијанието на медиумите кон социјализацијата на децата може да биде и стимулирачки фактор кон нивната идна деликвенција. Ваквото влијание на медиумите врз процесот на социјализација на децата во најголема мерка се должи на содржините што им се презентираат на децата.

Во таа насока, доколку на децата им бидат достапни медиумски содржини со висок процент на насилство, многу реално е да се очекува дека овие деца во иднина ќе развијат толеранција кон насилството, прифаќајќи го како нормален и/или посакуван начин на однесување. Се разбира дека гледањето на содржините исполнети со насилство не креира деца деликвенти по автоматизам, но во голема мерка влијае врз нивните идни постапки во конкретните настани, кои понекогаш може да бидат криминални (Huesmann, 1988; Bushman and Geen, 1990).

Од друга страна, постојат и студии преку кои, по пат на социјален експеримент, на деца им биле пуштани програми од животот на лицата во затворите, кои во себе содржеле висок степен на насилство, со цел во иднина да се намали процентот на деца делинквенти, преку креирање на чувство на страв од затворите и од условите за живот во нив. За жал, ваквите студии не покажале резултат дека ваквото застрашување може да има ефект кон намалувањето на детската делинквенција (Geen and Thomas,1986).

Содржините, пак, кои имаат првенствено едукативна природа и се исполнети со позитивни вредности низ кои се генерира реална слика за општеството, истовремено прикажувајќи го низ призма на критика на неговите негативности, односно некриејќи ги истите и нивно критичко опсервирање, имаат позитивно влијание врз превенцијата на детската делинквенција (Huesmann and Miller, 1994).

Ваквата улога на медиумите е препознаена и од меѓународната заедница, која низ два свои документи ја апострофира улогата на медиумите во заштитата на децата од делинквенција. Односно, според Пекиншките правила за малолетничка правда[5] и Ријадските упатства,[6] донесени од страна на ООН влијанието на медиумите е високо позиционирано како средство за превенција, но и за поттикнување на малолетничката деликвенција.

Пекиншките правила го регулираат правото на приватност на малолетниците, како и ја предочуваат опасноста од „етикетирање" на малолетниците во рамките на медиумските содржини, со што негативно се влијае врз личноста на малолетниците и може да влијае врз зголемувањето на нивното идно делинквентно поведение (чл. 8 од Пекиншките правила, 1985). За таа цел, во овие правила е предвидена обврската за медиумите да внимаваат за

[5] United Nations Standard Minimum Rules for the Administration of Juvenile Justice ("The Beijing Rules") Adopted by General Assembly resolution 40/33 of 29 November 1985.

[6] United Nations Guidelines for the Prevention of Juvenile Delinquency ("The Riyadh Guidelines") Adopted by General Assembly resolution A/RES/45/112 of 14 December 1990.





најдобриот интерес на децата при известувањето за судските постапки што се водат против малолетници, со цел да го избегнат стигматизирањето и можната виктимизација на малолетниците во овие случаи.

Во однос на овие меѓународни документи, чекор подалеку одат Ријадските упатства кои се однесуваат на влијанието на мас-медиумите во превенцијата на малолетничката делинквенција. Во рамките на овие Упатства, на мас-мадиумите им е посветена посебна глава – Глава Д (Ријадски упатства, 1990), во кој се предвидува дека медиумите треба да бидат поттикнувани на малолетниците да им обезбедуваат содржини од повеќе национални и меѓународни извори, со цел малолетниците да може самостојно да го креираат своето критичко мислење. Притоа, медиумите би требало да ги шират информациите за постоењето на сервиси и услуги што им овозможуваат унапредување на можностите на малолетниците во општеството, како и да известуваат за позитивниот придонес на малолетниците во општеството. Во таа насока, се бара од медиумите да го сведат на минимум емитувањето на содржини што изобилуваат со насилство, порнографија, злоупотреба на алкохол и дроги, содржини што содржат навредливо или омаловажувачко однесување кон жените или децата. Дотолку повеќе, овие Правила бараат од медиумите прикажувањето на овие содржини да биде во временски периоди кои што не се прикладни за малолетниците (подоцни ноќни часови), како и нивно јасно и недвосмислено означување и категоризирање со назнака дека содржат ваков облик на содржина, со што би се овозможило на родителите контрола при нивното емитување пред децата.

Имајќи го предвид огромното влијание на медиумите врз малолетниците, од особено значење за превенцијата на малолетничката деликвенција е регулирањето и уредувањето на медиумскиот простор, што би одело во насока на ограничување на пристапот на малолетниците до медиумските содржини што содржат несоодвенти информации. Несоодветноста во оваа насока, првенствено, се дефинира како штетно влијание врз психофизичкиот развој на малолетниците преку медиумски содржини кои во себе содржат насилство, вулгарности, непотребни политички презентации или промовираат атипични или анти-социјални вредности.

За волја на вистината ваквото регулирање на овие несоодветни содржи во поново време се чини дека е сè потешко ниту е ефикасно изводливо, имајќи го во предвид бројот на дигиталните медиуми и/или нивната достапност до малолетниците.

Дотолку повеќе што секој обид за подетално регулирање на медиумските содржини може да биде, во определни случаи, протолкувано и како обид за цензура на медиумската слобода.

### *1.2 Влијанието на медиумите врз искривената слика за криминалитетот и делинквенцијата*

Сензационалистичкото известување за криминалитетот и делинквенцијата доведува до искривена слика за генералните трендови на криминалитетот и делинквенцијата.

Во принцип, вестите поврзани со криминалитет и делинквенција се однесуваат на поединечни, одделни кривични дела, оттука, врз основа на неколку стории проблемот со криминалитетот и делинквенцијата се става во поширока перспектива. На пример, многу малку се известува за имотниот криминалитет (кој всушност учествува со близу 60% во вкупниот криминалитет),[7] а се претерува со известување за насилнички, сексуален, економски криминалитет и сл. (кои имаат помало учество во вкупниот криминалитет).

Исто така, за разлика од другите видови криминал, интересот на медиумите за објавување на делата поврзани со илегална трговија со дрога и со криумчарење мигранти е значителен. Тоа укажува дека не е само нивниот обем зголемен, туку и дека активностите на полицијата се повеќе насочени кон откривање на тој криминал и кон негово обелоденување во медиумите преку соопштенија за јавноста, преку дневните билтени или преку други начини на комуникација (Стефановска, 2015).

Познатата изрека, 'If it bleeds, it leads,' („Ако крвари, тоа води"), е добро позната максима за тоа што ја одредува актуелноста на криминалот. Ако се известува за опасностите од насилничкиот криминалитет, истражувачите сметаат дека кај јавноста може да се створи претеран страв од криминал (McQuivey, 1997 цит. во Emanuelsson and Mele, 2003).[8]

Истражувањата во светот покажуваат дека известувањето за зголемувањe на стапките на криминалитет генерално е премногу застапено во медиумите, во споредба со реалните стапки на криминалитетот во општеството.[9]

Известувањето во медиумите следи стереотипен модел, дека како силувач се јавува непознато лице, некој надвор во темница ја чека жртвата во грмушки, итн., а статистиката потврдува дека во најголем број случаи сторителот и жртвата се познаваат и дека овие дела најчесто се вршат во домот на жртвата (Emanuelsson and Mele, 2003). Ова може да се објасни со помош на предлогот на Питер Сандман (Peter Sandman) (1993 цит. во Emanuelsson and Mele, 2003) за традиционални новинарски критериуми за актуелност кои се однесуваат на ризик како - сериозност, човечки интерес и драма. Според Џејмс Мекквајви (James McQuivey) насилничкиот криминалитет се бира почесто како вест во медиумите „бидејќи обезбедува добра визуелизација за телевизија или за печатени медиуми; бидејќи вклучува слаби жртви како што се жените, децата и постарите лица; или поради тоа што вклучува познати личности" (James McQuivey, 1997 цит. во Emanuelsson and Mele, 2003). Вандервин (Vanderveen) додава дека „постои пазар за насилнички криминалитет." Луѓето ги сакаат вестите за насилнички криминалитет тогаш кога не се случува во нивна близина. Статистичките податоци за криминалитетот, едвај успеваат да се најдат во медиумите, освен ако стапките одат нагоре! Луѓето сакаат црно-бел свет, а медиумите го создаваат тој црно-бел свет - повеќе црн отколку бел (2003 цит. во Emanuelsson and Mele, 2003).

Оттука, можеме да заклучиме дека општата слика за криминалитетот создадена од страна на медиумите е неточна.

Со право можеме да констатираме дека медиумите креираат искривена слика за криминалитетот во јавноста.

Неколку студии откриваат дека поголемиот дел од јавноста добива информации од медиумите за криминалитетот, и потоа го формираат своето мислење во врска со криминалитетот во согласност со она што тие го виделе или прочитале во медиумите (на пр. Dorfman and Schiraldi, 2001; O'Connell, 1999 цит. во Emanuelsson and Mele, 2003). Перцепцијата на јавноста, генерално е дека насилничкиот криминалитет се зголемува побрзо од криминалитетот на белите јаки, оттука, луѓето се плашат повеќе од насилство отколку од измами со пари, а во реалноста оваа ситуација е обратна. Исклучок е перцепцијата за соседствата на луѓето, за кои поголема е веројатноста да имаат информации од прва рака, а не го градат мислењето врз основа на известувањата во медиумите (Public Policy Forum, 2001 цит. во Emanuelsson and Mele, 2003). О'Конел (O'Connell), исто така, тврди дека луѓето се свесни за пристрасноста на медиумите поради нивното искуство во животот. Но, свеста за искривувањето зависи, исто така, од нивото на образование. Уредниците, новинарите и научниците од општествените науки е поверојатно да ја увидат пристрасноста на медиумите (1999 цит. во Emanuelsson and Mele, 2003).[10]

Според Стефановска (2015, стр.217), „ако ја прифатиме тезата дека читателите го добиваат тоа што го сакаат, тогаш следува дека сакаат насилство, додека ако ја прифатиме тезата дека весникот го прикажува она што најмногу се продава тогаш повотрно следува дека насилството најмногу се продава. на крај, имајќи предвид дека медиумот ја креира сликата за крими-

[7] В. повеќе Груевска-Дракулевски (2012) „Казнената политика на судовите во Република Македонија во периодот 2007-2011", Македонска ревија за кривично право и криминологија, УДК 343, година 18 и 19, Бр.1-2, 2011/2012, ISSN 1409-5327, Здружение за кривично право и криминологија, Скопје, 2 Август С Штип, стр.157-198.

[8] Emanuelsson, Anette and Mele, Romina (2003) "Impact of media on fear of crime? The Mean World Syndrome", the Reporting on Risk Class, Fall 2003. (http://www.svj.hvu.nl/mediahype/risk4/page2.htm)

[9] На пример, според истражувањето спроведено од страна на Dorfman and Schiraldi во 2001 година во САД, медиумите известувале за зголемување на насилничкиот криминалитет (пред сè за зголемување на бројот на убиства), а всушност реално стапката се намалила. Од друга страна, воопшто не се известувало за криминалитетот на белите јаки, оттука јавноста не чувствувала страв од овој вид криминалитет. Или, на пример, се известувало дека убијците се непознати лица, а всушност најголемиот број од жртвите го познавале својот убиец. Воопшто не се известувало за семејно насилство и за напад врз деца (цит. во Emanuelsson and Mele, 2003).

[10] Emanuelsson, Anette and Mele, Romina (2003) "Impact of media on fear of crime? The Mean World Syndrome", the Reporting on Risk Class, Fall 2003. (http://www.svj.hvu.nl/mediahype/risk4/page2.htm)

налот, поради непропорционалната застапеност на насилничкиот криминал, кај јавноста се создава перцепција дека под криминал се подразбира насилен криминал ".

### *1.3 Влијанието на медиумите врз стравот од криминал*

Претерувањето со известување за сензационалистички насилнички криминалитет создава страв кај населението, а таквиот страв понатаму влијае врз криминалната политика.

Медиумскиот сензационализам во известувањето за криминалитетот и делинквенцијата има за цел да се создаде морална паника кај населението, а тоа понатаму се користи како начин за контрола на начинот на однесување на јавноста.

Исплашените луѓе се позависни, полесно се манипулираат и контролираат и лесно може да се убедат дека решението за нивната несигурност и нивните грижи е репресија. На пример, претераното известување за „педофилија" (Полов напад врз дете кое не наполнило 14 години - член 188 КЗМ)[11] во Република Македонија доведе до значително поострување на криминалната политика за овие дела, воведување нова мерка на безбедност (медицинско-фармаколошко лекување на сторители на полов напад врз дете до 14 години)[12] и посебен регистар за сторителите).[13] А, согласно статистичките податоци, ова кривично дела учествува со помалку од еден процент во вкупниот криминалитет во Република Македонија. Но, секојдневното известување во медиумите за случаи на педофилија, кај јавноста створи слика за значително зголемување на бројот на овие дела, што во реалноста не е точно.

Во Република Македонија досега не се спроведени истражувања за корелацијата помеѓу претерувањето со известување за сензационалистички насилнички криминалитет и создавањето страв кај населението, и понатаму, влијанието на тој страв врз криминалната политика. Оттука, во продолжение на трудот ќе се осврнеме на некои позначајни релевантни истражувања спроведени во други држави.

Истражувањата за ефектот на медиумите врз јавноста се однесува на две меѓусебно поврзани прашања. Дали известувањата за сензационалистички и насилнички криминалитет создава страв кај пошироката јавност и дали овој страв влијае врз ставовите за политиката на кривичната правда? Прегледот на истражувањата покажува дека постојат мешани резултати во однос на влијанието на медиумите врз создавањето на страв кај пошироката јавност (Surette, 1998 цит. во Dowler, 2003).

Во една претходна студија, Гербнер и др. (Gerbner *et al.*) (1980, цит. во Dowler, Kenneth (2003) тргнува од хипотезата дека премногу гледање насилство на телевизија раѓа повеќе страв отколку агресија. Гербнер и др. (Gerbner *et al.*) (1980, цит. во Dowler, 2003) нашле дека луѓето кои многу гледаат телевизија е многу поверојатно да чувствуваат поголема закана од криминал, веруваат дека криминалитетот е позастапен отколку што реално е според статистичките податоци, и преземаат повеќе мерки на претпазливост против криминалот. Тие сметаат дека криминалот прикажан на телевизија е значително понасилен, почест и поопасен од криминалот во „реалниот" свет. Истражувачите тврдат дека гледачите ги интернализираат овие слики и развиваат „поглед на злобен свет" или страшна слика за стварноста (Surette, 1990, цит. во Dowler, 2003).

Понатамошни студии за врската помеѓу стравот и гледањето телевизија укажуваат на директни и силни односи (Barille, 1984; Bryant, Carveth and Brown, 1981; Hawkins and Pingree, 1980; Morgan, 1983; Williams, Zabrack and Joy, 1982, Weaver and Wakshlag, 1986 цит. во Dowler, 2003). Спротивно на тоа, Рајс и Андерсон (Rice and Anderson) (1990, цит. во Dowler, 2003) нашле слаба, позитивна асоцијација помеѓу гледањето телевизија и стравот од криминал, оттуѓување и недоверба. Сепак, повеќекратната регресивна анализа не ја поддржува хипотезата дека гледањето телевизија има директен, значителен ефект врз стравот од криминал.

[11] Полов напад врз дете кое не наполнило 14 години - член 188 КЗМ: (1) Тој што ќе изврши обљуба или друго полово дејствие врз дете кое не наполнило 14 години, ќе се казни со затвор најмалку 12 години.
(2) Ако поради делото од став (1) настапила тешка телесна повреда, смрт или други тешки последици или делото е сторено од страна на повеќе лица или на особено суров или понижувачки начин, сторителот ќе се казни со затвор најмалку 15 години или со доживотен затвор.

[12] Медицинско-фармаколошко лекување - Член 65-а: (1) На сторител на кривично дело полов напад врз дете до 14 години кога постои опасност и натаму да врши такви дела судот може да му изрече мерка на медицинско-фармаколошко лекување. (2) Ако за делото е пропишана казна доживотен затвор судот може на сторителот да му изрече казна затвор од 40 години ако тој се согласи на медицинско-фармаколошко лекување кое ќе трае до крајот на неговиот живот или до времето до кое според оцената на судот е потребно да трае лекувањето. (3) Ако за делото е пропишана долготрајна казна затвор од 40 години судот може на сторителот да му изречече казна затвор од 20 години ако тој се согласи на медицинско-фармаколошко лекување кое ќе трае до крајот на неговиот живот или до времето до кое според оцената на судот е потребно да трае лекувањето. (4) Ако за делото е пропишана казна затвор од 20 години судот може на сторителот да му ја изречече минималната казна затвор пропишана за кривичното дело ако тој се согласи на медицинско-фармаколошко лекување кое ќе трае до крајот на неговиот живот или до времето до кое според оцената на судот е потребно да трае лекувањето. (5) Мерката од ставот (1) на овој член се извршува на слобода во специјализирани медицински установи по издржување на казната затвор, а надзорот на извршувањето на мерката го спроведува Управата за извршување на санкции. Управата за извршување на санкциите најмалку еднаш на шест месеци го известува судот за извршувањето на мерката од ставот (1) на овој член и за потребата од нејзиното продолжување или прекинување. (6) Ако сторителот во случаите од ставовите (2), (3) и (4) на овој член не се подложи на мерката медицинско-фармаколошко лекување или самоволно го напушти лекувањето судот може да определи мерката присилно да се изврши во здравствена или друга специјализирана установа. (7) По исклучок од ставовите (2), (3) и (4) на овој член судот и без согласност на строителот задолжително ќе му ја изрече мерката од ставот (1) на овој член ако сторителот делото го сторил во повrат. Мерката медицинско-фармаколошко лекување ќе трае до крајот на животот на сторителот или до времето до кое според оцената на судот е потребно да трае лекувањето. (8) Начинот на извршувањето на мерката медицинско-фармаколошко лекување поблиску се уредува со Законот за извршување на санкции.

[13] В. член 106-а КЗМ.

Теоријата која најчесто се користи за да се објаснат ефектите од изложеност на одредени медиумски содржини се нарекува теорија на култивирање (cultivation theory) и е воведена во 1970 година од страна на Џорџ Гербнер (George Gerbner). Неговото истражување е базирано пред сè врз можните ефекти на телевизијата врз своите гледачи. Гербнер (Gerbner) заклучил дека големата изложеност на медиумските содржини може во текот на еден подолг временски период постепено да ги промени ставовите на својата публика, кои „сè повеќе се во согласност со светот на телевизиските програми отколку со секојдневниот свет" (Chandler 1995 цит. во Emanuelsson and Mele, 2003). Иако, само мал дел од населението се вклучени во криминални акти, луѓе со малку или без искуство од прва рака со насилнички криминалитет, веруваат дека светот е поопасен и позлобен отколку што е во реалноста, и генерално се плашат да не постанат жртви (на пример, в. Chandler 1995, McQuivey 1997 цит. во Emanuelsson and Mele, 2003).

Друго, дополнително истражување од 1970 година покажа дека медиумите се само еден од многу фактори кои имаат влијание врз ставовите на луѓето. Според Вандервин (Vanderveen) (2003 цит. во Emanuelsson and Mele, 2003), во општествените науки секогаш се тргнува од повеќе варијабли. Секоја од тие варијабли има мала улога, но заедно имаат голема улога. А, медиумите се само еден извор. Тие имаат влијание, но тоа е мало. Се поставува прашањето зошто е тоа така. Понатаму, други извори на информации може да биде статистичките податоци, како што е, на пример, стапката на криминалитет. Но, истражувањата покажуваат дека фактите и бројките не влијаат врз перцепцијата на луѓето за криминалитетот. Личноста или нејзината социјализација (она што тој или таа го научил од родителите, пријателите, членовите на семејството, итн.) се варијабли кои, исто така, треба да бидат земени во предвид (McQuivey, 1997 цит. во Emanuelsson and Mele, 2003). Но, тука би можело да се критикува дека научниците го создадоа проблемот на „кокошката и јајцето", односно дали личноста влијае на перцепцијата, или перцепцијата влијае на личноста? Уште повеќе, како што тврди Вандервин (Vanderveen), луѓето сметале дека криминалот се зголемува (2003 цит. во Emanuelsson and Mele, 2003).

Во прилог на влијанието на варијаблата „личност",Вандервин (Vanderveen) ја споменува т.н. шема на контраст на идентификација, која обезбедува типологија за тоа како луѓето се споредуваат со другите во секојдневниот живот, на пример, во преговорите за плата, перцепцијата на ризикот од добивање на конкретна болест како рак, или стравот од виктимизација.

Луѓето може или да се идентификуваат со жртвата или да не се идентификуваат. Тие можат да го сторат тоа во нагорна насока, што значи дека тие се дистанцираат од жртвата, односно дека имаат супериорно ниво од позиција на жртвата, или во надолна насока, каде што луѓето го заземаат истото или дури и подолно, инфериорно ниво во однос на жртвата. На пример, луѓе со тенденција да се идентификуваат со жртва во нагорна насока, имаат чувство на контрола над нивното однесување во одредена ситуација; тие мислат дека би можеле да се справат со таква ситуација подобро отколку жртвата.





Друг фактор што придонесува за една личност за стравот од виктимизација е како една личност ја оценува својата способност да управува со вмешувањето во криминал. Во овој т.н. „Парадокс на страв од виктимизација" може да се случи иако едно лице е многу веројатно да биде жртва на насилнички криминал, на пример, возач на камион во сред ноќ во паркинг за одмор, неговиот страв од криминал може да не биде голем, бидејќи смета дека има контрола врз таква ситуација (Sandman, 1993; Sparks and Ogles, 1990 цит. во Emanuelsson and Mele, 2003). Тоа зависи од тоа како личноста мисли дека може да се справи со ваква ситуација. Мажите обично мислат дека може да се справат. Жените се чувствуваат поранливи (Vanderveen, 2003 цит. во Emanuelsson and Mele, 2003). Во реалноста, сепак, за мажите е поголема веројатноста да станат жртва на кривично дело (Bureau of Statistic and Research, 1996 цит. во Emanuelsson and Mele, 2003).

Во својот преглед на истражувањето, Хит и Гилберт (Heath and Gilbert) (1996, цит. во Dowler, 2003) сметаат дека односот помеѓу медиумското прикажување и криминалот зависи од карактеристиките на пораката и на публиката. Презентирањето на многу вести за локалниот криминал создава зголемен страв кај пошироката јавност, (Brillon, 1987; Sheley and Ashkins, 1981 цит. во Dowler, 2003), додека презентирањето на многу вести за не-локален криминал има спротивен ефект со тоа што локалните гледачи се чувствуваат безбедно во споредба со другите области (Liska and Baccaglini, 1990 цит. во Dowler, 2003). Покрај тоа Кирокос и др. (Chiricos *et al.*) (2000, цит. во Dowler, 2003) сметаат дека локалните и националните вести се поврзани со стравот од криминал. Ефектот на локалните вести врз стравот од криминал е посилен за жителите во области со висок криминал и оние кои го доживеале виктимизација.

Во однос на ефектите врз публиката, стравот од виктимизација зависи од тоа кој ги гледа приказните за криминал. Истражувањата покажуваат дека жителите на урбани средини со висок криминал, кои многу гледаат телевизија, имаат поголема веројатност да се плашат од криминал (Doob and MacDonald, 1979; Gerbner et al, 1980 цит. во Dowler, 2003). Друг важен фактор е дали членовите на публиката биле жртви или имаат карактеристики кои ги прават ранливи на криминал. Истражувањата покажуваат дека медиумите имаат позначајно влијание кога недостасува искуство на жртва (Gunter, 1987; Liska and Baccaglini, 1990; Skogan and Maxfield, 1981 цит. во Dowler, 2003). На пример, Лиска и Бакаглини (Liska and Baccaglini) (1990, цит. во Dowler, 2003) сметаат дека влијанието на медиумите е најсилно врз жените, белците и постарите лица, кои се дел од населението за кои е најмалку веројатно да бидат жртви. Во една друга студија, Кирокос и др. (Chiricos et al.) (1997, цит. во Dowler, 2003) сметаат дека зачестеноста на гледање вести на телевизија и слушање вести на радио е значително поврзано со страв од виктимизација. Нивното истражување покажува дека истото е најзначајно за бели жени на

возраст меѓу 30 и 44 години. Ова е слично и со резултати од други истражувања кои укажуваат на тоа дека гледањето криминал на телевизија има поголем ефект врз жени и белци, кои имаат низок ризик да постанат жртва во споредба со мажите и оние кои не се белци (Gerbner et al., 1980, цит. во Dowler, 2003).

Не може да биде целосно јасно до кој степен медиумите придонесуваат за стравот од виктимизација кај луѓето. Но, главната улога на медиумите за влијанието врз креирањето на политиката на Владата е неспорна. Претераната перцепција на јавноста за ризиците од криминал, исто така, може да доведе до сериозни нарушувања во приоритетите на владините трошоци [и креирањето политики] (Bureau of Statistic and Research, 1996 цит. во Emanuelsson and Mele, 2003).

Затоа, не треба да се потцени ризикот од евентуално поголема моќ на медиумите од социјално-емпириските истражувања кои се обидуваат да го докажат лимитираното влијание на медиумите.

### *1.4 Влијание на медиумите врз креирањето лажна слика за сторителите и за жртвите на криминалитет и делинквенција, како и искривена слика за (не)успешноста на органите на казнениот прогон*

Медиумите креираат лажна слика за сторителите и за жртвите на криминалитет и делинквенција, како и искривена слика за (не)успешноста на органите на казнениот прогон. Во таа насока, водејќи се пред сè од дневните потреби за вест, медиумите не вршат целосна обсервација на движењето и обемот на малолетничката деликвенција, туку се склони кон креирање на искривена слика за овој проблем. Токму затоа за објавување на веста често пати важен предуслов се и карактеристиките на жртвата, додека веројатноста да се објави веста е поголема доколку жртвата е дете.

Исто така, забележлив е шаблонот во медиумското претставување на сторителите, кои според известувањето во медиумите се најчесто постари лица кои уживаат повисок општествен статус што не кореспондира со профилот на сторителите на кривични дела согласно официјалната статистика и истражувањата.

Претерувањето со известување за насилнички криминалитет индиректно влијае и врз создавањето на позитивна слика за успешноста на органите на кривичниот прогон, пред сè на полицијата, бидејќи поверојатно е полицијата да расветли насилнички, отколку имотен криминалитет (Dowler, 2003). Па во таа насока, определени облици на криминалитет што се извршени од страна на малолетниците воопшто не се медиумски покриени.

Како потврда на ваквиот став е и спроведеното истражување во Република Македонија од страна на Стефановска, Весна (2015) во кое се констатира токму оваа практика во новинарското известување. Имено, неретко определени медиуми со национална концесија при известувањето за сторените кривични дела или за судските постапки се фокусираат врз определен





регион, со што се креира искривена слика за криминалитетот во Република Македонија. Проблемот со ваквиот начин на информирање лежи во мотивите на известувачот, преку кои се сака да се даде искривена слика за определена динамика на криминалитетот. При тоа во новинарските стории се генерира впечатокот за зголемена зачестеност на некои кривични дела, базирани врз социјалното милје и општествените околности во некој определен регион во Република Македонија. Често пати, преку овој начин на известување се добива стигматизацијата дека определни заедници во Република Македонија се почести сторители на регионално ниво на определени кривични дела за разлика од другите заедници или спротивно на трендовите што се однесуваат на ниво на Република Македонија.

Дотолку повеќе, медуимите обременети со потребата од сензационализам, неретко ги забораваат интересите на малолетникот против кој се водат кривичните постапки. Неретко ваквото известување на новинарите е во спротивност и/или ја крши забраната за интервјуирање на деца под 16 години од страна на новинарите без согласност на нивниот родител или старател, па дури и во случаи кога ваквото известување е директно во спротивност со правата на децата (чл. 9 Кодекс на новинарите во Република Македонија).

Токму затоа се доведува во прашање и социјалната улога на медиумите, односно сосема оправдано се поставува прашањето дали медиумите се сервис на граѓаните и се насочени кон објективно и непристрасно информирање или се средство за остварување на определни интереси на потесни општествени интерсни групи.

### *1.5 Медиумите и непочитувањето на начелото на презумпција на невиност*

Сензационализмот во известувањето за судски случаи, објавувањето на идентитет на осомничени, покажување на снимки од нивно приведување и сл., дирекно го крши уставното начело на презумпција на невиноста.

Смислата на презумпцијата на невиност, практично се огледа во обезбедувањето на следниве неколку стандради: судиите во текот на постапката мора да бидат непристрасни и независни, лишени од предрасуди и предубедувања; никој не може да биде сметан за виновен, било од страна на судовите, државните органи или средствата за јавно информирање, ако претходно не е правосилно осуден во согласност со закон и во фер спроведена судска постапка; никој не смее да биде ставен во положба да ја докажува својата невиност;[14] во случај на сомнение, за фактите и пресудата, тие мора

[14] Треба да се напомене дека, со појавата на новите форми на криминал, а особено организираниот криминал, а со тоа и потребата од ефикасна борба против него се наметнува можноста од прифаќање на стојалиштето за префлување на товарот на докажување. Генерално врзано за оспособувањето на системот за спротивставување на криминалот, префрлувањето на товарот на докажување, од друга страна пак, јасно е дека би отворило дилема во системите кои држат до почитување на принципите на владеење на правото и заштитата на човековите права.

да бидат во корист на обвинетиот.

За прво формално предвидување на презумпцијата на невиност се смета членот 9 од Декларацијата за правата на човекот и граѓанинот од 1789 година, каде стои дека ... „секој се смета за невин сè додека не биде прогласен за виновен...". Ова се смета за значајно, иако презумпцијата на невиност тука не е востановена како самостојно начело, туку како појдовна основа за заштита од непотребна строгост спрема неосудените лица кои што се уапсени (Beljanski, 2001, стр.55). За претпоставката на невиност се залага и Бекарија: „Никој не може да се смета за виновен пред да го осуди судот и, општеството не смее да му ја скрати јавната заштита пред да биде утврдено дека ги повредил условите под кои што таа заштита му е призната" (Beccaria, 1984, стр.88).

Денеска претпоставката за невиност е уставна категорија и е дел од сите основни меѓународни правни акти за правата и слободите на човекот. Дел е од Универзалната декларација за правата на човекот (Член 11, ст. 1); Меѓународниот пакт за граѓанските и политичките права (Член 14, ст. 2), како и Американската конвенција за правата на човекот (Член 8, ст. 2). Дека „за секого кој е обвинет за кривично дело ќе важи претпоставката дека е невин сé додека по закон не се докаже дека е виновен" е предвидено и во чл. 6 ст. 2 од Европската конвенција за правата на човекот. Презумпцијата на невиност дејствува сè додека постои обвинението, а тоа значи до правосилното завршување на кривичната постапка (Engel et al. v. The Netherlands; Phillips v. The United Kingdom; Barbera, Messegue and Jabardo v. Spain).

Посебно внимание на презумпцијата на невиност обрнува и Европската унија, која ја усвои „Зелената книга за презумпцијата на невиност" (*Green Paper on the Presumption of Innocence* COM (2006)174), според која, презумпцијата на невиност посебно го опфаќа товарот на докжаување, така што обвинителот мора да ја докаже вината на обвинетиот надвор од разумно сомневање (*beyond all reasonable doubt),* како и дека товарот на докажување само во определени случаи може да се префрли врз обвинетиот, како и правилегијата од себе-обвинување.

Претпоставката за невиност, во еден од своите апсекти ја има заштитата на невините. Дека презумпцијата на невиност, како принцип кој што подразбира поставување на товарот на докажување врз обвинителството и барање за докажување на обвинението надвор од разумно сомневање, е еден од инструментите за превенирање од погрешни осуди, укажува тоа што: 1) го алоцира товарот на докажување на страната во постапката која има повеќе ресурси така што на некој начин со ова се надоместува за нејзината „супериорност"; 2) го неутрализира ефектот на претпоставување дека обвинетиот е виновен, во таа смисла што инаку обвинетиот ќе биде соочен со претпоставката од страна на судиите или поротниците дека „мора да е поверојатно дека е виновен одошто дека не е, затоа што во спротивно не би ни имало обвинение и судење против него", и 3) ризикот од неуспехот во докажување паѓа врз обвинителството. Во исто време, презумпцијата на невиност го промовира владеењето на правото, така што инсистира осудите да бидат





резервирани само за оние случаи каде вината на обвинетиот е јасно демонстрирана и утврдена (Stumer, 2010, стр. 27-51).

Презумпцијата на невиност, кај нас како уставно начело (чл. 13 од Уставот на РМ), а понатаму разработено и во Законот за кривична постапка (чл 2 од ЗКП), подразбира дека лицето обвинето за кривично дело ќе се смета за невино сè додека неговата вина не биде утврдена со правосилна судска пресуда. Законот, воедно предвидува и обврска за државните органи, средствата за јавно информирање и другите субјекти да се придржуваат до овој принцип, а со своите јавни изјави за постапката што е во тек да не смеат да ги повредат правата на обвинетиот и оштетениот, како и судската независност и непристрасност. Токму како последица од обврската на органите да го презумираат обвинетиот за невин, произлегува и правилото дека во случај на сомневање во однос на постоењето или непостоењето на фактите што го чинат обележјето на кривичното дело или од кои зависи примената на некоја одредба од Кривичниот законик, судот ќе одлучи на начин поповолен за обвинетиот (*In dubio pro reo*) (в. чл. 4 ЗКП). Но, нормирањето на ова начело има повеќе декларатoрно и морално значење отколку правно или фактичко. Колку е ова начело делотворно зависи од низа други правила на кривичната процедура, која и без прокламација на начелата би оставила еднаква трага доколку на јасен и доследен начин таа биде разработена во дедукцијата на истата правна идеја (Калајџиев, 2006).

Иако, почитувањето на презумпцијата на невиност е превидено како обврска не само за судовите, туку и за другите државни органи, еден од нејзините најзначајни аспекти се чини е токму начинот на кој таа е третирана од страна на средствата за јавно информирање од аспект на публицитетот кој го добиваат определни кривични постапки и неговото влијание врз нивниот исход.

Имено, начинот на кој медиумите известуваат за сторените кривични дела односно за осомничените е комплексен проблем, кој не само што влијае за создавање погрешна перцепцијата во јавноста, туку е особено проблематично од аспект на правото на осомничениот односно обвинетиот на презумпција на невиност. Па така, сензационализмот во известувањето за судски случаи, објавувањето на идентитет на осомничени, покажување на снимки од нивно приведување и сл., директно го крши уставното начело на пресумпција на невиноста. А притоа, изгледа, се заборава и дека во Кодексот на новинари, новинарите се обврзуваат дека начинот на информирање за судски постапки мора да биде ослободен од сензационаизами, и дека во судските постапки треба да се почитува принципот на пресумпција на невиност, да се известува за сите инволвирани страни во спорот и да не се сугерира пресуда (член 8 Кодекс на новинари).

Ова дотолку повеќе, ако се има предвид дека во најголемиот дел од случаите, медиумите известуваат за имињата на осомничените во една многу рана фаза од постапката, често пати по штотуку поднесена кривична пријава,

што значи дека сеуште не е поднесено ниту обвинение, и дека сеуште не се работи за судска постапка.

На овој начин, не само што е доведено во прашање правото на осомничениот на презумпција на невиност како такво, туку, независно од крајниот исход на постапката која може да заврши и со ослободителна пресуда, информациите кои преку медиумите се пренесени за тоа лице, остануваат и понатаму негативно да се рефлектираат врз него. Така, да речеме, Советот на честа при Здружението на новинарите на Македонија (ЗНМ) реагира за известувањето на повеќе медиуми за случајот „Пајажина“, „Монструм“, и сл. При известувањето за „Пајажина“, Советот на честа оценил дека повеќе медиуми не го почитувале правилото за презумпција на невиност, со објавување на идентитетот на осомничени кои не се лица познати во пошироката јавност. „Советот на честа укажува дека таков начин на информирање се коси со етичките начела наведени во Кодексот на новинарите. Правилата за известување за осомничени лица предвидува да не се откриваат нивните ликови, а при објавување на телевизиски снимки, ликовите да бидат заштитени (со замаглување).“

Зголемената придружба на фотографии за старите кривични дела, особено поради тоа што се прикажуваат нивните сторители, повторно ги актуализира случаите и дополнително го задржува вниманието на читателите за нивно следење. Пораката е дека против тие лица сеуште се води кривична постапка, со што медиумите ја продолжуваат нивната стигматизација и осудување и таквата перцепција ја пренесуваат врз читателот (Стефановска, 2015).

Интересно е да се види и резонирањето на Европскиот суд за човекови права, во случаите кога се работи за повредата на презумпцијата на невиност од страна на медиумите. Имено, во случаите каде Судот каде ја разгледувал релацијата на двете конвенциски права - правото на презумпција на невиност и воопшто правото на правична постапка, во врска со правото на слобода на изразување, тој го промовира ставот дека публицитетот пред судењето може негативно да влијае врз правичноста на кривичната постапка. Во таа смисла, во случајот Кроцијани против Италија, Комисијата е на мислење дека слободата на печатот може да биде ограничена со обврската на државата да обезбеди обвинетите да добијат фер судење, без да им биде судено од страна на печатот (Crociani and others v. Italy, 1980 22 D.R., 147). Истиот став, Комисијата го заземала и во случајот Ходгсон (Hodgson, Woolf Productions and the NUJ v. UK, 1988, 10 E.H.R.R., 503), велејќи дека потребата да се обезбеди правично судење и да се заштити поротата од влијанија може да се смета за важна општестевена потреба, која пак може да го оправда ограничувњето на слободата на печатот од чл .10 од ЕКЧП, со тоа што тие ограничување мора да бидат пропорционални.





**Заклучок**

Односот помеѓу медиумите, од една страна, и криминалитетот и делинквенцијата, од друга страна, може да се разгледува од неколку аспекти, и тоа, влијанието на медиумите врз криминалното и делинквентното однесување, искривената слика за криминалитетот и делинквенцијата, стравот од криминал, креирањето лажна слика за сторителите и за жртвите на криминалитет и делинквенција, како и искривена слика за (не)успешноста на органите на казнениот прогон, медиумите и непочитувањето на начелото на презумпција на невиност од страна на медиумите.

Средствата за јавно информирање играат важна улога во креирањето на криминалитетот и кривично-правниот систем. Граѓаните сликата за криминалитетот и делинквенцијата најчесто ја формираат врз основа на известувањата во медиумите. Перцепцијата на јавноста за жртвите, криминалците, девијантите, како и за спроведувањето на законот, во голема мера е детерминирана од нивното претставување во медиумите. Како што тврдат одредени автори, медиумите го сензационализираат известувањето за криминалитетот со цел да се создаде морална паника, а тоа понатаму се користи како начин за контрола на начинот на кој јавноста се однесува. Морална паника е термин кој се користи да се опише паничниот начин на реагирање на јавноста на медиумското претставување на нешто што се случило. Моралната паника има тенденција да претера со статистика.

Сликите со криминал и насилство, што се претставени во медиумите, се еден вид социјално учење и можат да поттикнат криминално однесување. Медиумите често се сфаќаат како отворен универзитет за криминал кој го шири знаењето за криминалните техники. Посебно новите видови на медиуми нудат нови начини за извршување кривични дела. Така, на пример, интернетот ги олеснува сите форми на криминалитет, и тоа, измами, кражби на идентитет, детска порнографија, па сè до тероризам. Од друга страна, доколку медиумите негативно известуваат за органите на казнениот прогон, тоа влијае на начин што јавноста ја преиспитува нивната ефикасност и ефективност, се доведува во прашање нивниот интегритет и легитимитет, а тоа понатаму ја разнишува усвоената контрола.

Постои шаблон во медиумското претставување на сторителите што не кореспондира со профилот на сторителите на кривични дела согласно официјалната статистика и истражувањата. Сензационалистичкото известување за криминалитетот и делинквенцијата доведува до искривена слика за генералните трендови на криминалитетот и делинквенцијата.

Понатаму, непочитувањето на начелото на презумпција на невиност стигматизира, ги етикетира лицата како криминалци и истите се предмет на осуда од страна на јавноста, а притисокот од јавноста за нивна осуда со строги казни е особено значаен. Или, зголемената придружба на фотографии за старите кривични дела, особено поради тоа што се прикажуваат нивните

сторители, повторно ги актуализира случаите и дополнително го задржува вниманието на читателите за нивно следење. Со тоа медиумите ја продолжуваат нивната стигматизација и осудување и таквата перцепција ја пренесуваат врз читателот.

Во Република Македонија постои потреба од вршење истражувања за оваа проблематика што би биле во насока да ги детерминираат клучните проблеми на односот помеѓу медиумите и криминалитетот и делинквенцијата, што понатаму ќе резултира со поставување систем на мерки за превенирање на негативното влијание на медиумие врз криминалното однесување.

Сосема на крајот, може да заклучиме дека медиумите нема да престанат да известуваат за криминалитет и делинквенција, но сепак сознанијата презентирани во овој труд, пред сè, за негативното влијание на медиумите врз криминалното однесување, треба барем малку да ги замислат медиумите пред да ја пренесат веста и во иднина да не се водат од познатата изрека, 'If it bleeds, it leads,' („Ако крвари, тоа води") при креирањето на уредувачката политика на медиумот. А, Кодексот на новинари ќе биде императив во нивното професионално работење.

## MEDIA AND CRIME AND DELINQUENCY

### Abstract

The average citizen usually forms the image for criminality and delinquency on the basis of the media reports. The relationship between media, on one hand, and crime and delinquency, on the other hand, can be considered from several aspects.

First, it is empirically confirmed the impact of the media on criminal behavior, especially the impact of media on juvenile delinquency.

Second, sensationalist reporting of crime and delinquency leads to a distorted picture of the general trends of crime and delinquency. In general, news related to crime and delinquency are based on an individual, particular crimes, therefore, the problem of crime and delinquency is put in a wider perspective based on several stories. For example, there are very few reports on property crime (which actually accounts for nearly 60% of the total crime), and the reporting of violent, sexual, economic crime and so on, is exaggerated (which have a lower share in the total crime).

Third, excess reporting of sensational violent crime creates fear among the population, and such fear further affects criminal policy. Media sensationalism in reporting on crime and delinquency aims to create moral panic among the population, and it continues to be used as a way to control the behavior of the public. Frightened people are more dependent, more easily manipulated and controlled and can easily be convinced that the solution to their uncertainty and their care is repression.

Fourth, the media create a false picture of the perpetrators and victims of crime and delinquency, and also create distorted picture of the (in)effectiveness of the bodies of criminal prosecution. An important prerequisite for publishing news are the characteristics of the victim. It is more likely to report the crime in the news if the victim is a child. Also, there is a template in the media presentation of the perpetrators, which according to the media reporting are mostly older people that enjoy a higher social status, which does not correspond to the profile of the perpetrators of criminal acts according to the official statistics and research. Overdoing the reporting of violent crime has an indirect influence on the creation of a positive picture of the prosecutors, primarily the police, because police are more likely to shed light on violent than property crime.

Fifth, sensationalism in reporting on court cases, the publication of the identity of the suspects, showing pictures of detentions, etc., directly violates the constitutional principle of presumption of innocence under which a person charged with a criminal offense shall be presumed innocent until proved guilty by a final court decision.

Studies on reporting of crime and delinquency in the media are carried out in the past 80 years in the Western European countries, while such research in the country is very scarce.

The paper aims to analyze the attitude of the media towards crime and delinquency, and the impact of media on criminal and delinquent behavior, further, the impact of media on fear of crime, the impact of media on the distorted picture of crime and delinquency, and violation of the principle of presumption of innocence by the media.

**Keywords**: crime, delinquency, media sensationalism in reporting, presumption of innocence, Code of Journalists.

### Користена литература:

Bandura A. (1977). Social Learning Theory. Englewood Cliffs, NJ: Prentice-Hall.

Beccaria, C. (1984). O zločinima i kaznama. Split.

Beljanski, S. (2001). Međunarodni pravni standardi o krivičnom postupku. Beogradski centar za ljudksa prava. Beograd.

Bushman, B. J., and Geen, R.G. (1990). Role of cognitive-emotional mediators and individual differences in the effects of the media violence on aggression. Journal of Personality and Social Psychology, 58, 156-163.

Dowler, Kenneth (2003). Media Consumption and Public Attitudes toward Crime and Justice: The Relationship between Fear of Crime, Punitive Attitudes, and Perceived Police Effectiveness". Journal of Criminal Justice and Popular Culture, 10(2) (2003) 109-126.

Emanuelsson, Anette and Mele, Romina (2003). Impact of media on fear of crime? The Mean World Syndrome". the Reporting on Risk Class, Fall 2003. (http://www.svj.hvu.nl/mediahype/risk4/page2.htm).

Finckenauer, J. O., and P. W. Gavin, (1999). Scared Straight: The Panacea Phenomenon revisited. Prospect Heights, IL: Waveland Press.
Geen, R.G. (1990). Human Agression. Pacific Groove, Ca: Brooks Cole Publishing.
Geen, R.G., and Thomas, S L., (1986). The immediate effects of media violence on behavior, Journal of Social Issues, 42, 7-28.
Huesmann L.R. (1988). An Information Processing Model for the Development of Agression, Aggressive Behavior, 14, 13-24.
Huesmann, L. R., and Miller, L.S., (1994). Long-term effects of repeated exposure to media violence in childhood, Aggressive behavior, Springer.
Reiner, Robert (2002). Media Made Criminality: The Representation of Crime in the Mass Media in Maguire, Mike, Morgan, Rod and Reiner, Robert (Eds.). The Oxford Handbook of Criminology, third edition, Oxford University Press.
Stumer, A., (2010): The Presumption of Innocence – Evidential and Human Rights Perspectives, Hurt Publishing, Oxford and Portland, Oregon.
Груевска-Дракулевски (2012) „Казнената политика на судовите во Република Македонија во периодот 2007-2011", Македонска ревија за кривично право и криминологија, УДК 343, година 18 и 19, Бр.1-2, 2011/2012, ISSN 1409-5327, Здружение за кривично право и криминологија, Скопје, 2 Август С Штип, стр.157-198.
Декларацијата за правата на човекот и граѓанинот од 1789 година.
Европска конвенција за правата на човекот, достапно на http://www.echr.coe.int/Documents/Convention_MKD.pdf
Закон за кривична постапка, Службен весник на Република Македонија бр. 15/2010.
Зелената книга за презумпцијата на невиност (Green Paper on the Presumption of Innocence), COM (2006)174, достапно на: http://eur-lex.europa.eu/smartapi/cgi/sga_doc?smartapi!celexplus!prod!DocNumber&lg=en&type_doc=COMfinal&an_doc=2006&nu_doc=174
Калајџиев, Г. (2006). Презумпција на невиност, Годишник на Правниот факултет "Јустинијан Први" Скопје, во чест на Стрезо Стрезовски.
Кениг, Николина (2013) „Известување за семејното насилство во печатените медиуми: состојба и препораки" во Македонска ревија за кривично право и криминологија", УДК 343, Година 20, Бр.1, 2013, ISSN 1409-5327, Скопје: 2 Август С Штип.
Кодекс на новинарите во Република Македонија, ЗНМ, 14.11.2001 година, достапно на http://znm.org.mk/drupal-7.7/mk/node/440.
Стандардни минимални правила на ООН за администрација на малолетничката правда, - Пекиншки правила, (UN Standard Minimum Rules for the Administration of Juvenile Justice (Beijing Rules)) Усвоени од Генералното собрание на ОН, со Резолуција 40/33 од 1985-та година. http://www.ohchr.org/Documents/ProfessionalInterest/beijingrules.pdf
Стефановска, Весна (2015), „Медиумското прикажување на криминалитетот во дневните весници во Република Македонија, Факултет за безбедност, Скопје.
Упатства на ООН за превенција на малолетничката деликвенција, (Ријадски упатства), United Nations Guidelines for the Prevention of Juvenile Delinquency (The Riyadh Guidelines), усвоени од Генералното собрание на ОН, со Резолуција 45/112 од 1990-та година. http://www.un.org/documents/ga/res/45/a45r112.htm
Устав на Република Македонија.





д-р Александра Деаноска – Трендафилова[1]

343.8:316.774-021.463

# МЕДИУМИТЕ И КРИМИНАЛНАТА ПОЛИТИКА

**Апстракт**

Криминалната политика претставува научна дисциплина чија основна цел е превенцијата и репресијата на криминалот, како практика на сузбивање на криминалот и стратегија на ефикасна борба со криминалот. Од различните концепти за опфатот на криминалната политика, најширокиот модел според кој криминална политика ги опфаќа во себе и мерките на општата превенција и социјална контрола на криминалот, ги вбројува медиумите на листата на носители на социјалната превенција на криминалот.

Но, односот помеѓу медиумите и криминалот е бивалентен, поточно дивергентен. Имено, медиумите може да се јават како носители на превенцијата, но и како криминогени фактори, дури и како извршители на казнени дела. Така, на пример, одредени програми може да го стимулираат агресивниот потенцијал кај малолетниците. Политичките и информативните емисии може често да содржат говор на омраза, повикување на дејствија кои би резултирале со извршување казнени дела, повреда на правото на презумпција на невиност. Иако не постојат научни и емпириски сознанија за степенот на влијание кој медиумот може да го има, неспорна е насоченоста и природата на пораките кои се испраќаат преку медиумите, а кои имаат психолошко влијание и бихејвиорален импакт, дури и кога се непосредно асоцирани.

Сепак, не смее да се пренебрегне фактот што медиумите имаат и поинаква, значајна улога во превенирањето и сузбивањето на криминалот. Преку медиумите може да се креира јавното мислење во позитивна насока, во правец на подобра детекција на девијантни и асоцијални однесувања и генерално, осуда на криминалните дејствија. Работата на медиумите несомнено може да биде меч со две острици, но само слободното, објективно и професионално новинарство може во полна сила да ја исполни задачата за превентивно дејствување во системот на социјална контрола како важен сегмент на криминалната политика во една држава.

**Клучни зборови:** медиуми, криминална политика, известување, криминал, превенција.

[1] Авторката е вонредна професорка на Правниот факултет „Јустинијан Први", УКИМ, Скопје